З А П И С Н И К

Од 31-та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 31-та редовна седница на ден 28.02.2020 година (Петок) со почеток во 12.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците: Виолета Ристова, Блаже Коцев и Кристина Гошева

На седницата присуствуваа,Верче Миткова, Горан Андонов, Славе Андонов претставници од општинската аддминистрација.

На седницата на Совет од оправдани причини не присуствуваше градоначалникот Марјан Јанев.

Пред да биде предложен дневниот ред за работа на 31-та седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од 30-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 29.01.2020 година, немаше забелешќи од страна на советниците, беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

За работа на 31- та седница на Совет на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Донесување на одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Ловечкото Друштв „ Фазан “ од Василево.
2. Донесување на Одлука по барањето за финансиски средства поднесено од Црковниот Одбор на црква св. Богородица с. Радичево.
3. Предлог- Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат и вклопување на бесправните објекти Викенд ќука на кп. Бр во КО Градашорци г.р.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 31-та седница на Советот на општина Василево за збор се јави Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека бидејки сме во процес на парламентарни избори Општината несмее да се одобрува и доделува финансиски средства предложи првата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Ловечкото Друштв „ Фазан “ од Василево.

И втората точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по барањето за финансиски средства поднесено од Црковниот Одбор на црква св. Богородица с. Радичево, да бидат изземени од дневниот ред.

Првиот предлог на Крсте Панов да се иземе првата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Ловечкото Друштв „ Фазан “ од Василево, беше ставен на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, „ против,, и „ воздржани,, нема.

Вториот предлог на Крсте Панов да се иземе втората точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по барањето за финансиски средства поднесено од Црковниот Одбор на црква св. Богородица с. Радичево, да биде иземени од дневниот ред, беше ставен на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, „ против,, и „ воздржани,, нема.

Крсте Панов предложи надополнување на дневниот ред со две дополнителни точки:

Како 2-ра точка од дневниот ред да биде:Предлог- Одлука за утврдување на места на кои е дозволено да се истакнат изборни плакати за предвремените избори за пратеници во собранието на Република Северна Македонија 12 Април 2020 година со обезбедени еднакви услови на сите организатори на изборната кампанија во општина Василево.

И како 3- та точка од дневниот ред да биде: Стручно мислење за спроведување на превентивна дезинфекција дезинсекција и деритизација за 2020 година и елаборатот за ставање под контрола на вектор преносливите заболувања со примена на краткорочни и долгорочни мерки во општинта изготвена од ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица

Предложениот предлог на Крсте Панев како втора точка од дневниот ред да биде:Предлог- Одлука за утврдување на места на кои е дозволено да се истакнат изборни плакати за предвремените избори за пратеници во собранието на Република Северна Македонија 12 Април 2020 година со обезбедени еднакви услови на сите организатори на изборната кампанија во општина Василево, беше ставена на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, „ против,, и „ воздржани,, нема.

Прелогот на Крсте Панев како трета точка од дневниот ред да биде: Стручно мислење за спроведување на превентивна дезинфекција дезинсекција и деритизација за 2020 година и елаборатот за ставање под контрола на вектор преносливите заболувања со примена на краткорочни и долгорочни мерки во општината изготвена од ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица: беше ставена на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, „ против,, и „ воздржани,, нема.

За збор се јави Сања Стојанова советничка од редовите на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата рече дека има доставено Барање до Советот на општина Василево и градоначалникот дневниот ред да се надополни со точка советнички прашања.

Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека има доставено Барање од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата каде што бара да се одржи посебна седница за поставување на советнички прашања. Бидејки на седницата не се присутни градоначалникот на општина Василево Марјан Јанев ниту раководните лица на институциите после ицрпениот дневен ред нема да може да се разгледа како точка на дневен ред. Побара побара пауза од 10 минути за консултација со советниците.

По продожувањето на седницата Предлогот на Сања Стојанова да се надополни дневниот ред со точка советнички прашања беше ставено на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, „ против,, и „ воздржани,, нема.

Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека треба да се одреди дата и време за одржување на седницата на Совет за советнички прашања. Негов предлог е седницата за поставување на советнички прашања да се одржи на 12.03.2020 година во 16 часот во присуство на градоначалникот и раководните лица на локално ниво..

Марјан Трајков член на Советот на општина Василево праша дали секој месец на 12 ќе има точка советнички прашања или се однесува самоо за 12- март да биде одржана седница на совет со точка на дневен ред советнички прашања.

Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека тоа се однесува само по доставеното Барање.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Крсте Панев како единствена точка на дневен ред советнички прашања да биде закажана седница на Совет на 12 .03.2020 година во 16 часот беше ставен на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, „ против,, и „ воздржани,, нема.

Дневниот ред со направените измени и надополнување, првата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Ловечкото Друштв „ Фазан " од Василево

и втората точка: Донесување на Одлука по барањето за финансиски средства поднесено од Црковниот Одбор на црква св. Богородица с. Радичево да бидат иземени од дневниот ред

- Како втора точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за утврдување на места на кои е дозволено да се истакнат изборни плакати за предвремените избори за пратеници во собранието на Република Северна Македонија 12 Април 2020 година со обезбедени еднакви услови на сите организатори на изборната кампанија во општина Василево.
- Како 3- та точка од дневниот ред да биде: Стручно мислење за спроведување на превентивна дезинфекција дезинсекција и деритизација за 2020 година и елаборатот за ставање под контрола на вектор преносливите заболувања со примена на краткорочни и долгорочни мерки во општинта изготвена од ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица
- И како 4 точка на дневен ред, Советнички прашања, да биде закажана седница на Совет на 12 март 2020 година – во 16 часот, одлука донесена од членовите на Советот на општина Василево на редовна 31-ва седница, беше ставен на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, „ против,, и „ воздржани,, нема.

1.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред: Предлог- Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат и вклопување на бесправните објекти Викенд ќука на кп. Бр во КО Градашорци г.р .немаше друг пријавено за збор, беше ставена на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 7 гласа,, за,, „ против,, нема и „ воздржани,, 5

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред; Предлог- Одлука за утврдување на места на кои е дозволено да се истакнат изборни плакати за предвремените избори за пратеници во собранието на

Република Северна Македонија 12 Април 2020 година со обезбедени еднакви услови на сите организатори на изборната кампанија во општина Василево,немаше пријавено за збор,беше ставена на гласење од 12 присутни члена Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Стручно мислење за спроведување на превентивна дезинфекција дезинсекција и деритизација за 2020 година и елаборатот за ставање под контрола на вектор преносливите заболувања со примена на краткорочни и долгорочни мерки во општината изготвена од ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица, немаше пријавено за збор,,беше ставена на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа ,, за,, ,, против,, и ,, воздржан нема.

4.

Предлогот на Крсте Панев, како единствена точка на дневен ред, Советнички прашања да се одржи на 12 март 2020 година – во 16 часот, одлука донесена од членовите на Советот на општина Василево, на редовна 31-ва седница, на седницата договорено да присуствуваат градоначалникот на општината Марјан Јанев и раководните луѓе од институциите на локалната ниво, беше ставен на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја затвори 31- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:

Зора Коларова

Совет на општина Василево

Претседател

Крсте Панев